Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, на ден 18.4.2019 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Детален урбанистички план Градска четврт И 09 – Нова железничка станица, Општина Центар и Општина Аеродром, Скопје плански период 2017 - 2022, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016, 64/2018 и 168/2018), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Центар – Скопје (www.centar.gov.mk).

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план Градска четврт И 09 – Нова железничка станица, Општина Центар и Општина Аеродром, Скопје плански период 2017 – 2022 нема да има влијание врз животната средина од следните причини: планот се донесува врз основа на Генералниот урбанистички план на град Скопје од 2012 година за кој што е спроведена стратегиска оцена за влијание врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 09-719/24

19.04.2019, Скопје

**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Саша Богдановиќ**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ 1